# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЗВАЊЕТО ПОЧЕСЕН ПРОФЕСОР (PROFESSOR HONORIS CAUSA) НА ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ НАУКИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП, НА ПРОФ. Д-Р ЈЕРГ М. ЕЛЕНЗЕНБАХ

Врз основа на Одлуката бр. 0201-132/8 донесена на 119. седница на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, одржана на 1.2.2016 година, формирана е Рецензентска комисија за изготвување на реферат и поднесување на извештај за доделување на звањето почесен професор на науки (Professor Honoris Causa) на проф. д-р Јерг М. Елзенбах, професор на Универзитетот Балти во Република Молдавија, во состав:

- д-р Татјана Атанасова-Пачемска, вонреден професор на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- д-р Дејан Мираковски, вонреден професор на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- д-р Симеон Симеонов, вонреден професор на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

По разгледувањето на доставената документација за кандидатот за почесен доктор на науки, како членови на Рецензентската комисија, до Универзитетскиот сенат имаме особена чест да го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Проф. д-р Јерг М. Елзенбах** е роден на 23 октомври 1967 година во Дизелдорф, Германија. Од 1987 до 1994 студира на Техничкиот факултет во Ахен, Северна Рајна-Вестфалија, на студиите по машинство и по индустриско инженерство. За време на студиите по машинство, особен интерес изразува за производните технологии, машините со алатки, производствената систематика. Студиите ги завршува со одличен успех во 1992 год. со одбрана на дипломскиот труд „Развој на прописот за компјутерското секвенционално планирање со помош на теоријата на фази множества“, при што се стекнува со звањето дипломиран инженер. Паралелно со студиите по машинство, од 1990 до 1994 година студира и индустриско инженерство и станува дипломиран индустриски инженер со одбрана на дипломскиот труд со наслов „Анализа на корпоративниот идентитет и корпоративниот имиџ“. Во 1991/1992 год. по предлог на Националната германска фондација ја добива стипендијата за докторски студии на тема „Развој и евалуација на имплант-супраструктурите од титан, изработени според модифицираната ’Procera’ метода, во споредба со конвенционалната супраструктура од благородни метали“ и истата ја работи на Техничкиот факултет на Северна Рајна – Вестфалија во Ахен. Додека студира во Ахен остварува бројни деловни и технички пракси во национални и интернационални фирми, раководи студентски проекти, а од 1991 до 1994 год. е истражувач на Техничкиот факултет во Институтот за рационализирање.

Во периодот од 1994 до 1998 год. е истражувач на Техничкиот универзитет во Минхен, директор на Секторот за логистика и раководител на внатрешната служба. Докторира на темата „Редистрибутивна логистика ориентирана на рециклирање“ и се стекнува со звањето доктор на економски и социјални науки на Техничкиот универзитет во Минхен. По докторирањето работи како асистент за истражување на Универзитетот, на Катедрата на универзитетскиот професор и повеќекратен почесен професор (prof. honoris causa) д-р Хорст Вилдеман. Од 2004 до 2007 год. работи на вториот докторски труд (кумулативна хабилитација) на тема „Технологија на управување со синџирот на снабдување-иновативни концепти и емпириски резултати“ и го одбранува на 17.10.2007 год. на Техничкиот универзитет во Минхен.

***Наставно-научна дејност***

Проф. Елзенбах има богата академска кариера на повеќе универзитети во Европа. Во 2004 год. работи како доцент на Универзитетот во Сент Гален, Швајцарија. Од 2006 год. до денес е вонреден професор на Техничкиот универзитет Кронштат во Брашов, Романија. Од 2007 год. е надворешен предавач на Техничкиот универзитет во Минхен, од 2010 год. е хонорарен професор на Техничкиот факултет во Ахен, Северна Рајна-Вестфалија, а од 2012 год. е вонреден професор и почесен доктор на науки на Универзитетот во Балти, Република Молдавија.

Подолу е даден избор од неговите академски активности:

***Листа на публикации***

- Schuh, G., Elsenbach, J.M., Klappert, S., Drescher, T. (2009): Innovationen mit klaren Prozessen systematisch beurteilen („Систематско оценување на иновации со јасни процеси") објавено во: „io new management" (2009), бр. 6, стр. 66-70.
- Ettlie, J.E., Elsenbach, J.M. (2007): The Changing Role of R&D Gatekeepers („Променливата улога на младите почетници, кои вршат истражување и развој"). Објавено во: „Research and Technology Management", том 50 (2007), бр. 5, во публикација.
- Elsenbach, J.M., Motoc, M. (2007): „Propunerea Valorii: Perspectiva de Ansamblu a Afacerii". Објавено во: „Revista de Management si Ingenierie Economica",том 6, (2007), бр. 2 (22), стр. 99-110.
- Elsenbach, J.M., Rainey, D.L. (2007): Sustainable Enterprise Management: A Strategic Framework of Leading Change („Одржливо управување со организација: Стратешка основа за главната промена"). Објавено во: „Die Unternehmung", 61. Jg., (2007), бр. 1, стр. 7-24.
- Ettlie, J.E., Elsenbach, J.M. (2007): Modified Stage-Gate Regimes in New Product Development („Модифицирани режими на стадиумот на собирање на податоци („Stage-Gate") при развојот на нов производ"). Објавено во: „The Journal of Product Innovation Management", том 24 (2007), стр. 20-33.
- Ettlie, J.E., Elsenbach, J.M. (2006): Scale, R&D Performance and Idea Profiles for New Products: A Comparative Study of U.S. and German Manufacturing Firms („Обем и изведба при истражувањето и развојот и профилите на една идеја за нови производи: Споредбена студија на производните фирми во САД и Германија"). Објавено во: „Journal of Global Business and Technology", том 2, (2006), бр. 2, стр. 1-25.
- Elsenbach, J.M. (2006): RFID in Supply Chain Event Management: Three Perspectives („Подготвеност за користење во индустријата („Ready for Industrial Deployment") во Управувањето со синџирот на настани при снабдувањето: Три перспективи"). Објавено во: „RECENT", том 7, (2006), бр. 3 (18), стр. 13-26.
- Elsenbach, J.M., Rainey, D.L. (2006): Corporate Social Responsibility in the Context of Sustainable Business Development („Корпоративна социјална одговорност во контекстот на одржливиот деловен развој"). Објавено во: „RECENT", том 7 (2006), бр. 2 (17), стр. 11-21.
- Elsenbach, J.M., Bünten, N. (2006): Collaborative Demand Planning als Ergänzung des Supply Chain Planning („Планирање кое бара соработка како дополнение на планирањето на синџирот за снабдување"). Објавено во: "Supply Chain Management", без година (2006), бр. 2, стр. 17-23.
- Elsenbach, J.M. (2006): Tracking and Tracing. IT-Instrument zur Optimierung des wertorientierten Supply-Chain-Managements („Следење и трасирање. Инструмент за информатичката технологија за оптимизирање на управувањето со синџирот за снабдување ориентиран кон вредности"). Објавено во: Wildemann, H., Mauch, Ch. (Hrsg.) (издавач) (2006): Handbuch IT-Management, München (Прирачник за управување со информациски системи, Минхен) 2006, стр. 443-469.
- Elsenbach, J.M. (2006): Das neue ElektroG. Nationaler Alleingang oder Vorbildfunktion („Новото електроГ. Национален соло обид или функција на прототип"). Објавено во: „UmweltWirtschaftsForum", 14. година (2006), бр. 1, стр. 54-59.

- Elsenbach, J.M. (2006): Die Lieferkette rückwärts denken („Синџирот за снабдување размислува наназад"). Објавено во: „io new management" (2006), бр. 1-2, стр. 24-27.
- Elsenbach, J.M. (2005): Zum Wesen des Reverse Supply Chain Managements. Erweiterte Überlegungen zur Rücknahme und Entsorgung von Elektro-und Elektronikgeräten („Природата на управувањето со синџирот за повратно снабдување"). Објавено во: „logistikmanagement", 7. година (2005), бр. 4, стр. 32-44.
- Elsenbach, J.M. (2005): Reverse SCM aus Perspektive der Elektro- und Elektronikindustrie („Управување со синџирот за повратно снабдување од перспектива на електричната и електронската индустрија"). Објавено во: „Supply Chain Management" (2005), бр. 4, стр. 15-22.
- Elsenbach, J.M. (2005): Auswirkungen der RFID-Technologie auf das Supply Chain Event Management („Влијанија на „RFID" технологијата на Управувањето со синџирот за снабдување"). Објавено во: „logistikmanagement", 7. година (2005), Nr. 2, S. 52-65.
- Elsenbach, J.M.; Winkler, R. (2005): Post Merger Integration bei Hewlett Packard - erfolgreiche Umsetzung einer „Adopt and Go"-Strategie" („Интеграција по фузионирање во Хјулет Пакард - успешна реализација на „Adopt and Go" стратегија). Објавено во: „Die Unternehmung", 59. година (2005), бр. 2, стр. 181-201.
- Elsenbach, J.M. (2004): Reverse Supply Chain Management („Управување со синџирот за повратно снабдување"). Објавено во: Wildemann, H. (Hrsg.) (издавач) (2004): Personal und Organisation. Festschrift für Rolf Bühner, München, (Персонал и организација. Јубилејна публикација за Ролф Бинер, Минхен), 2004, S. 331-354.

***Предавања (избор)***

- Elsenbach, J.M. (2012): Globale Qualitätsorganisationen im Spannungsfeld vielschichtiger Erfolgsfaktoren. Quality feat Dräxlmaier Group. 16. Business Forum Qualität, 26. und 27. September 2012, Aachen.

(„Глобални организации за квалитет во областа на конфликтот комплексни фактори за успех. Достигнување на Дрекслмајер групацијата во областа на квалитетот". 16. Бизнис форум за квалитет, 26 и 27 септември 2012 година, Ахен)

- Elsenbach, J.M. (2011): Successful Supplier Management during Ramp-up in the Automotive Industry. From initiating a project to series production, 1st ICRM International Conference on Ramp-up Management, October 2011.

(„Успешно управување со синџирот за снабдување при покренување во автомобилската индустрија од иницирање на проект до сериско производсатво", Прва интернационална конференција за управување со покренување, октомври 2011 година)

- Elsenbach, J.M: (2008): Lernen von Toyota. Das Dräxlmaier Produktions- und Entwicklungssystem. 5. Lean Management Summit, Aachener Management-Tage 2008.

(„Поучени од Тојота. Дрекслмајер систем за производство и развој. 5. Самит за економично производство, Денови на управување во Ахен 2008 година)

- Elsenbach, J.M., Popescu, Ch. (2007): The Total Productive Maintenance Concept in our Concern. Vortrag anlässlich der "The 5th International Conference of Advanced Manufacturing Technologies, ICAMaT 2007, July 12-14, 2007, Sibiu, Romania.

(„Целосно продуктивен концепт на одржување во нашиот концерн". Предавање по повод „5. Интернационална конференција за напредни производни технологии, „ICAMaT" 2007, 12-14 јули, Сибиу, Романија)

- Elsenbach, J.M. (2005): Möglichkeiten und Grenzen des Nearshoring von Produktionssystemen. Ein deutscher Automobilzulieferer in Rumänien. Vortrag anlässlich der Sitzung Kommission Produktionswirtschaft, Cottbus am 15.9.2005.

(„Можности и граници на 'Nearshoring' производни системи. Германски добавувач во автомобилската индустрија во Романија". Предавање по повод на седницата на Комисијата за управување со производство, Котбус на 15.9.2005 година)

- Ettlie, J.E., Elsenbach, J.M. (2005): Scale, R&D Performance and Idea Profiles For New Products. Vortrag anlässlich der Global Business and Technology Association, 2005 International Conference, Lissabon, vom 12.-16. Juli 2005 ***(BEST PAPER AWARD)***

(„Обем и изведба при истражувањето и развојот и профилите на една идеја за

нови производи“. Предавање по повод Глобалното здружение за бизнис и технологија, 2005, Интернационална конференција, Лисабон, 12-16 јули 2005 година ***(НАГРАДА ЗА НАЈДОБАР ТРУД)***

– Wildemann, H.; Elsenbach, J.M. (2004): Product Clinic and Product Classification Systems – Selected Methods and Case Studies. Vortrag anlässlich der Association Manufacturing Excellence (AME) Conference, Cicinatti am 15.10.2004

(„’Product clinic’ и систем за класификација на производот – селектирани методи и студии на случај“. Предавање по повод Здружението на производна извонредност („AME“) конференција, Синсинати на 15.10.2004 година)

– Elsenbach, J.M. (2004): RFID based Production Event Management. Operative Steuerung in flexiblen und wandlungsfähigen Produktionssystemen. Vortrag anlässlich der Sitzung Kommission Produktionswirtschaft, Klagenfurt am 18.9.2004.

(„Управување со производни настани засновани на подготвеност за користење во индустријата (Ready for Industrial Deployment). Оперативно управување во флексибилни и разновидни производни системи“. Предавање по повод седницата на Комисијата за управување со производство, Клагенфурт на 18.9.2004 година)

– Ettlie, J.E., Elsenbach, J.M. (2004): Idea Reservoirs and New Product Commercialization. Vortrag anlässlich Innovation Research Network Conference, Boston am 12.6.2004.

(„Ризници со идеи и комерцијализација на нов производ“. Предавање по повод Конференцијата за иновативни истражувачки мрежи, Бостон на 12.6.2004 година)

– Elsenbach, J.M. (2004): Das neue ElektroG. Die nationale Lösung der WEEE–Direktive. Vortrag anlässlich der Sitzung Kommission Produktionswirtschaft, Graz am 3.6.2004.

(„Национално решение за Директивата за отпад од електрична и електронска опрема“. Предавање по повод седницата на Комисијата за управување со производство, Грац на 3.6.2004 година)

***Стручно-апликативна дејност***

Како експерт од областа управување со квалитет, проф. д-р Елзенбах освен академска има и богата професионална кариера. Од 2006 год. до денес, тој е член на Бордот на директори на Групацијата „Дрекслмајер“ во Филзбибург, добавувач на автомобилската индустрија со околу 55.000 вработени во фабриките низ целиот свет. Од 2014 год. до денес е раководител на Одделот за осигурување квалитет и Одделот за корпоративен развој. Во периодот 2011-2013 год. е раководител на Одделот за корпоративен развој (претпоставено лице му е Фриц Дрекслмајер, извршен директор на Групацијата „Дрекслмајер“). Во периодот 2008-2011 год. бил раководител на концернски проекти, а од 2006 до 2008 год. бил раководител на помали оддели во Групацијата.

Пред да дојде во Групацијата „Дрекслмајер“ работел во повеќе познати компании, претежно на развојот на управувањето со технологии, логистика и снабдување.

***<u>Досегашни стручно-апликативни проекти (избор):</u>***

- „Трендови во дистрибутивната и снабдувачката логистика“ со поддршка на Сименс АД, временски период: 1996 година, статус на истражувачкиот проект: завршен.
- „Организација на управувањето со поправки за минимизирање на ризикот во индустриски компании“ со поддршка на Баварското истражувачко здружение - Технологија на системи, временски период: 1996-1998 година, статус на истражувачкиот проект: завршен.
- „Помошни средства за решавање засновани врз симулации за организација и производство:
- флексибилна логистика на материјали во децентрализираната структури за монтажа;
- симулација за формирање и вреднување на концепти на повратна логистика;
- профилактичко управување со поправки во децентрализирани системи за планирање и контрола на производството;

со поддршка на Баварското истражувачко здружение – Симулација, временски период: 1996-1998 година, статус на истражувачкиот проект: завршен.

- „Развојни, производни и продажни мрежи во добавувачката индустрија – резултати од Делфи студија“ со поддршка на истржувачка институција „AIF“ Работна заедница на индустриски истражувачки здруженија „Ото фон Гирике“ регистрирана како здружение, временски период: 1997 година, статус на истражувачкиот проект: завршен.
- „Ризници со идеи и комерцијализација на нов производ“ спонзорирано од страна на Националната фондација за наука со субвенција регистрирана под број: ДДМ-907043 и Универзитетот во Мичиген, Државниот универзитет во Аризона и Универзитетот Вандербилт и Центарот за управување со технологија, Факултетот за бизнис, Институтот за технологија од Рочестер, временски период: 2003 – 2004 година, статус на истражувачкиот проект: завршен.

***Интернационални истражувачки партнери (избор – само од САД)***

- Џон Е. Етли, доктор на науки, Маделон Л. и Ричард Н. Розет, професор на Факултетот за бизнис, Институтот за технологија од Рочестер, Рочестер, Њујорк 14623-5608.
- Дејвид Л. Реини, доктор на науки, Ренссиалер институтот за политехника, професор во училиштето за управување и технологија Лели, улица Виндзор број 274, Хартфорд, Конетикат 06120-2991.

***Соработка со Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип***

Проф. д-р Јерг М. Елзенбах ја започнува академската соработка со Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во 2014 год., како резултат на заложбата на Владата на Р.Македонија за поголемо поврзување на универзитетите и индустријата. Како претставник од Бордот на директори на групацијата „Дрекслмаер“, проф. д-р Елзенбах во 2014 год. е избран за визитинг-професор на Електротехничкиот и Машинскиот факултет при УГД за предмети од областа на управувањето со квалитет. Во рамките на неговиот престој во Македонија, освен професионалните обврски во Дрекслмајер – Кавадарци, има реализирано и два интензивни курсеви со студентите од двата факултети и тоа:

1. Управување со квалитет – движење нанапред, целодневен курс реализиран на 15.10.2014 год.
2. Quality management: QFD (Quality Function Deployment) and FMEA (Failure Mode and Effect Analysis) Quality Assurance Method, целодневен сертифициран курс, реализиран на 10.12.2015 год.

Проф. Елзенбах дава придонес во осовременувањето на студиските програми на Електротехничкиот и Машинскиот факултет, нивно приближување до потребите на индустријата, особено осврнувајќи се на обезбедувањето на квалитет. Во иднина се планирани соработки и во професионалното оспособување на инженерите преку креирање на дополнителни сертифицирани обуки, во рамките на програмите за доживотно учење.

### ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

За која било образовна институција што цели кон извонредност во истражувањата и едукацијата во областа на техничките науки и пошироко би била голема чест да го има проф. д-р Јерг М. Елзенбах како соработник и пријател. Честа е, секако, голема и за Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Со изборот на проф. д-р Јерг М. Елзенбах за почесен професор (professor honoris causa), Универзитетот ќе добие врвен научник, едукатор и експерт, човек кој повеќе децении работи во дејноста на управување со квалитет, ја шири научната мисла и ѝ дава реална содржина преку нејзина применливост во практиката, а во својата работа строго се држи до принципите на научната етика.

Врз основа на податоците за севкупната дејност на кандидатот проф. д-р Јерг М. Елзенбах, а посебно имајќи ги предвид неговиот ангажман и придонес во развојот и во афирмацијата на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и на Република Македонија во меѓународното опкружување, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Универзитетскиот сенат да донесе одлука за доделување на звањето **почесен професор (professor honoris causa) на економски и социјални науки на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на проф. д-р Јерг М. Елзенбах, професор на Универзитетот Балти, Република Молдавија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Татјана Атанасова-Пачемска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Дејан Мираковски - член, с.р.**
**Проф. д-р Симеон Симеонов – член, с.р.**